Соодветна и правична застапеност од 2016 - 2025

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSIS

Funded by
the European Union

СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

1. Вовед

Принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во јавниот сектор претставува еден од темелните уставни механизми за надминување на нееднаквоста во Република Северна Македонија. Од 2015 година, институциите го користеа електронскиот систем „Балансер“ за планирање и распределба на новите вработувања согласно етничката структура на населението. Сепак, со Одлуката на Уставниот суд (У.бр. 90/2024 од 9 октомври 2024 година), овој механизам беше целосно укинат.

Како одговор на правниот вакум по укинувањето на „Балансерот, релевантните министерства започнаа со подготовка на нов Предлог-закон за соодветна и правична застапеност. Целта на овој закон е да воспостави нов, одржлив и транспарентен механизам за спроведување на ова уставно начело, притоа балансирајќи ги принципите на заслуги (merit system), еднаквост и фер пристап до пазарот на труд.

> *Овој извештај ги сумирастатистички трендови (2016–2025) во застапеноста на заедницитре во јавниот сектор, со посебен фокус на ромската заедница. Анализата вклучува и дел кој се однесува на родовата застапеност во јавниот сектор.*

2. Биланс на заедниците во јавниот сектор (2016–2025)

Според официјалните од декември 2025 година во јавниот сектор биле вработени вкупно 110.885 лица. ***Генералната споредба на податоците од 2016 и 2025 година покажува дека јавниот сектор во дадениот период речиси воопшто не се зголемил. Бројот на вработени пораснал од 110.311 на 110.885 лица, односно за само 574 лица или 0,52%.***

И покрај стабилноста на вкупниот број вработени, во етничката структура на јавниот сектор се забележуваат различни проценти. Кај одредени заедници е евидентиран пораст на бројот и уделот на вработени, додека кај други се забележува намалување или долгорочна стагнација.

Табелата во продолжение дава споредбен приказ на апсолутниот број и процентуалниот удел на припадниците на секоја етничка заедница во 2016 и 2025 година, како и на промените што настанале во анализираниот период.

Споредбена табела на застапеност во 2016 и 2025

Етничка заедница	Вработени (2016)	Удел (2016)	Вработени (2025)	Удел (2025)	Апс. разлика	Рел. разлика
Роми	1.215	1,10%	1.285	1,16%	+70	+0,06%
Македонци	82.900	75,15%	80.250	72,37%	-2.650	-2,78%
Албанци	21.279	19,29%	24.064	21,70%	+2.785	+2,41%
Турци	1.781	1,61%	2.283	2,06%	+502	+0,45%
Срби	1.272	1,15%	1.060	0,96%	-212	-0,19%
Бошњаци	479	0,43%	544	0,49%	+65	+0,06%
Власи	478	0,43%	456	0,41%	-22	-0,02%
Други / неизјаснети	907	0,82%	943	0,85%	+36	+0,03%
Вкупно јавен сектор	110.311	100,00%	110.885	100,00%	+574	—

Македонците остануваат најбројната заедница во јавниот сектор, но нивниот број и процентуален удел во 2025 година се пониски во споредба со 2016 година. Бројот на вработени Македонци се намалил од 82.900 на 80.250 лица, односно за 2.650 лица или 3,20%. Истовремено, нивниот удел во вкупниот број вработени се намалил од 75,15% на 72,37%, што претставува пад од 2,78 процентни поени. ***Најниско учество е забележано во 2023 година, кога Македонците сочинувале 70,57% од јавниот сектор. По 2023 година трендот се менува: нивниот број се зголемил за 2.508 лица до 2025 година, а уделот пораснал за 1,80 процентни поени.***

Приказ на % на правична и соодветна застапеност по години

Година	Македонци %	Албанци %	Турци %	Срби %	Роми %	Бошњаци %	Власи %	Други %
2016	82.900 (75,15%)	21.279 (19,29%)	1.781 (1,61%)	1.272 (1,15%)	1.215 (1,10%)	479 (0,43%)	478 (0,43%)	907 (0,82%)
2020	80.891 (72,49%)	23.269 (20,85%)	2.436 (2,18%)	1.296 (1,16%)	1.567 (1,40%)	568 (0,51%)	551 (0,49%)	1.011 (0,91%)
2023	77.742 (70,57%)	24.316 (22,07%)	2.835 (2,57%)	1.446 (1,31%)	1.584 (1,44%)	589 (0,53%)	586 (0,53%)	1.071 (0,97%)
2024	78.884 (72,59%)	23.248 (21,39%)	2.248 (2,07%)	1.086 (1,00%)	1.281 (1,18%)	549 (0,51%)	465 (0,43%)	909 (0,84%)

2025	80.250 (72,37%)	24.064 (21,70%)	2.283 (2,06%)	1.060 (0,96%)	1.285 (1,16%)	544 (0,49%)	456 (0,41%)	943 (0,85%)

Кај албанската заедница е евидентиран најголем апсолутен раст во текот на анализираниот период. Бројот на вработени Албанци се зголемил од 21.279 во 2016 година на 24.064 во 2025 година, односно за 2.785 лица или 13,09%. Нивниот удел во јавниот сектор пораснал од 19,29% на 21,70%, што претставува зголемување од 2,41 процентни поени. ***Највисока застапеност е постигната во 2023 година, со 24.316 вработени или 22,07%. По намалувањето во 2024 година, во 2025 година се забележува повторно зголемување за 816 лица, но бројот и уделот сè уште остануваат малку под нивото од 2023 година.***

Турската заедница бележи најголем релативен раст во споредба со сопствената почетна бројност. Бројот на вработени Турци се зголемил од 1.781 во 2016 година на 2.283 во 2025 година, односно за 502 лица или 28,19%. Нивниот удел пораснал од 1,61% на 2,06%. Сепак, овој долгорочен напредок не бил стабилен***. Највисокото ниво било достигнато во 2023 година, кога биле вработени 2.835 Турци, со удел од 2,57%. Во 2024 година нивниот број се намалил за 587 лица, а до 2025 година е забележано само мало зголемување од 35 лица.*** Поради тоа, во 2025 година бројот на вработени Турци е за 552 лица понизок отколку во 2023 година.

Кај српската заедница се забележува долгорочно намалување. Бројот на вработени Срби се намалил од 1.272 во 2016 година на 1.060 во 2025 година, односно за 212 лица или 16,67%. Нивниот удел во јавниот сектор се намалил од 1,15% на 0,96%. Иако во периодот до 2023 година бројот се зголемил на 1.446 лица и уделот достигнал 1,31%, во следните две години биле изгубени 386 работни места, што претставува намалување од 26,69% во однос на 2023 година. ***Српската заедница е единствената поголема малцинска заедница чиј број во 2025 година е значително понизок и од нивото во 2016 година.***

Кај бошњачката заедница е забележано умерено долгорочно зголемување. Бројот на вработени Бошњаци пораснал од 479 во 2016 година на 544 во 2025 година, односно за 65 лица или 13,57%. Нивниот удел се зголемил од 0,43% на 0,49%. Највисока застапеност е забележана во 2023 година, со 589 вработени или 0,53%, по што следува постепено намалување во 2024 и 2025 година. ***Иако нивната положба во 2025 година е поповолна отколку во 2016 година, последните податоци укажуваат на прекин на претходниот раст.***

Кај влашката заедница бројот на вработени во 2025 година е понизок отколку во 2016 година. Бројот се намалил од 478 на 456 лица, односно за 22 лица или 4,60%, додека уделот се намалил од 0,43% на 0,41%. Во 2023 година биле евидентирани 586 вработени Власи, со удел од 0,53%, но во следните две години бројот се намалил за 130 лица или 22,18%. ***Ова покажува дека и кај оваа заедница растот до 2023 година не бил задржан.***

Категоријата „Други“ бележи мал долгорочен раст – од 907 вработени во 2016 година на 943 во 2025 година, односно за 36 лица или 3,97%. Уделот се зголемил од 0,82% на 0,85%. Највисоко ниво било достигнато во 2023 година, со 1.071 вработен или 0,97%, по што во 2024 година следувало позначително намалување. Во 2025 година се забележува делумно закрепнување, но бројот останува за 128 лица понизок отколку во 2023 година.

Консолидиран сооднос: Роми наспроти сите останати заедници

Група заедници	Вработени (2016)	Удел (2016)	Вработени (2025)	Удел (2025)
Само Роми	1.215	1,10%	1.285	1,16%
Сите останати заедници (без Роми)	109.096	98,90%	109.600	98,84%
Вкупен јавен сектор	110.311	100,00%	110.885	100,00%

Застапеноста на ромската заедница покажува нестабилно движење и отсуство на одржлив долгорочен напредок. Бројот на вработени Роми се зголемил од 1.215 во 2016 година на 1.285 во 2025 година, односно за само 70 лица или 5,76%. Нивниот удел во јавниот сектор се зголемил за незначителни 0,06 процентни поени – од 1,10% на 1,16%. Највисокото ниво било достигнато во 2023 година, кога биле евидентирани 1.584 вработени Роми, со удел од 1,44%. Во 2024 година бројот се намалил за 303 лица, а во 2025 година се зголемил за само четири лица. Така, во споредба со 2023 година, во 2025 година има 299 вработени Роми помалку, што претставува пад од 18,88%. ***Ова покажува дека напредокот постигнат до 2023 година не бил одржлив и дека застапеноста на Ромите повторно се приближила до нивото од 2016 година.***

Тренд на вработеноста на Ромите во јавниот сектор



3. Родова дистрибуција

Податоците за родовата структура на вработените во јавниот сектор покажуваат дека застапеноста на жените и мажите значително се разликува меѓу етничките заедници. Процентите во табелата ја прикажуваат распределбата на жените и мажите во рамките на секоја заедница. Ваквиот пристап овозможува да се утврди дали жените и мажите од иста етничка заедница имаат приближно еднакво учество во јавниот сектор и дали низ годините се забележува приближување кон родов паритет.

Родова застапеност во јавниот сектор по етничка припадност и година

	Македонска %		Албанска %		Турска %		Ромска %		Српска %		Бошњачка %		Власи %		Други %	
Год.	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**
2025	60.50%	39.50%	48.14%	51.86%	46.65%	53.35%	34.55%	65.45%	57.08%	42.92%	58.46%	41.54%	58.11%	41.89%	43.90%	56.10%
2024	60.09%	39.91%	47.06%	52.94%	45.42%	54.58%	32.86%	67.14%	56.81%	43.19%	57.38%	42.62%	59.14%	40.86%	42.57%	57.43%
2023	61.07%	38.93%	46.58%	53.42%	45.15%	54.85%	30.93%	69.07%	57.33%	42.67%	59.25%	40.75%	58.87%	41.13%	45.28%	54.72%

2020	59.19%	40.81%	43.12%	56.88%	41.63%	58.37%	30.12%	69.88%	50.69%	49.31%	57.04%	42.96%	56.26%	43.74%	48.17%	51.83%
2016	57.96%	42.04%	39.68%	60.32%	37.96%	62.04%	31.69%	68.31%	51.97%	48.03%	55.11%	44.89%	60.46%	39.54%	37.60%	62.40%

Извор: Извештај на Министерство за јавна администрација

Во 2025 година жените се мнозинство меѓу вработените од македонската, српската, бошњачката и влашката заедница. Највисок удел на жени е забележан кај македонската заедница, каде што жените сочинуваат 60,50% од вработените, наспроти 39,50% мажи. Жените се мнозинство и кај бошњачката заедница со 58,46%, кај влашката со 58,11% и кај српската со 57,08%. Овие податоци покажуваат дека кај наведените заедници не постои потзастапеност на жените во однос на мажите, барем кога се анализира нивниот вкупен број во јавниот сектор. Сепак, од овие податоци не може да се утврди дали жените се еднакво застапени на раководни и на позиции на кои се донесуваат одлуки.

Најголемо приближување кон родов паритет во 2025 година е забележано кај албанската и турската заедница. Кај албанската заедница жените учествуваат со 48,14%, а мажите со 51,86%, што претставува разлика од само 3,72 процентни поени. Кај турската заедница жените сочинуваат 46,65%, а мажите 53,35%, односно разликата изнесува 6,70 процентни поени во корист на мажите. Иако кај двете заедници мажите сè уште се мнозинство, распределбата е значително порамномерна во споредба со претходните години.

Долгорочната споредба покажува дека токму кај албанската и турската заедница е постигнат најголем напредок во учеството на жените. Кај албанската заедница уделот на жените континуирано се зголемувал – од 39,68% во 2016 година, на 43,12% во 2020 година, 46,58% во 2023 година, 47,06% во 2024 година и 48,14% во 2025 година. Во текот на деветгодишниот период уделот на Албанките е зголемен за 8,46 процентни поени. Сличен тренд е присутен и кај турската заедница, каде што уделот на жените се зголемил од 37,96% во 2016 година на 46,65% во 2025 година, односно за 8,69 процентни поени. Континуираниот раст упатува на постепено намалување на родовиот јаз кај овие две заедници.

Кај српската заедница, родовата структура во 2016 и 2020 година била релативно изедначена, со 51,97%, односно 50,69% жени. По 2020 година се забележува поизразено зголемување на учеството на жените, кое во 2025 година достигнало 57,08%. Кај бошњачката заедница жените се мнозинство во сите анализирани години, а нивниот удел се зголемил од 55,11% во 2016 година на 58,46% во 2025 година. Кај влашката заедница жените, исто така, остануваат мнозинство, но нивниот удел во 2025 година е за 2,35 процентни поени понизок во споредба со 2016 година. Поради помалиот апсолутен број вработени кај помалубројните заедници, нивните процентуални промени треба да се толкуваат внимателно, бидејќи и релативно мал број нови вработувања или престаноци на работен однос може да предизвика позначителни осцилации.

Најизразена родова нерамнотежа е присутна кај ромската заедница. Во 2025 година жените сочинуваат само 34,55% од вработените Роми во јавниот сектор, додека мажите учествуваат со 65,45%. Разликата од 30,90 процентни поени во корист на мажите е најголема меѓу сите анализирани етнички заедници. Практично, само приближно едно од три вработени лица од ромската заедница е жена, што укажува на значително понеповолна положба на Ромките во пристапот до вработување во јавниот сектор.

Трендот кај ромската заедница не покажува стабилен и доволно динамичен напредок. Уделот на Ромките изнесувал 31,69% во 2016 година, по што се намалил на 30,12% во 2020 година и изнесувал 30,93% во 2023 година. ***Подобрување се забележува во последните две години, кога уделот се зголемил на 32,86% во 2024 и на 34,55% во 2025 година. Сепак, во целиот период од 2016 до 2025 година зголемувањето изнесува само 2,86 процентни поени, што е значително помалку од напредокот постигнат кај албанската и турската заедница.***

Застапеност по пол на ромската заедница



Извор: Извештај на Министерство за јавна администрација

Кога процентуалните податоци ќе се поврзат со вкупниот број од 1.285 вработени Роми во 2025 година, може да се процени дека во јавниот сектор биле вработени приближно 444 Ромки и 841 Ром. ***Тоа значи дека Ромките претставуваат само околу 0,40% од сите 110.885 вработени во јавниот сектор. Овој податок укажува на двојна, односно интерсекциска потзастапеност:*** ромската заедница во целина е недоволно застапена во јавниот сектор, а во рамките на самата заедница Ромките се значително помалку застапени од Ромите.

4. Структурна исклученост: Анализа на нула застапеност (0,00%)

Застапеноста на Ромите е концентрирана во исклучително тесен круг на државни субјекти и во општини каде што ромското население е географски погусто концентрирано (како Шуто Оризари). Во дури 107 од вкупно 171 анализиран јавен субјект (62,6%) нема вработено ниту еден единствен припадник на ромската заедница. Ова го потврдува фактот дека правичната застапеност не функционира како општ уставен принцип на сите нивоа.

Застапеност по институции на Ромите во 2016 и 2025

Сектор на анализа	Состојба во 2016	Состојба во 2025	Трендовска промена
Државни органи и централни тела	54 од 96 (56,2% со 0%)	46 од 90 (51,1% со 0%)	Благо подобрување (+5,1%)
Локална самоуправа (Општини)	41 од 51 (80,4% со 0%)	61 од 81 (75,3% со 0%)	Позитивен тренд (+5,1%)
Збирен биланс (0% застапеност)	95 од 147 (64,6% со 0%)	107 од 171 (62,6% со 0%)	Намалена исклученост (+2,0%)

На ниво на локална самоуправа, дури 61 општина во државата (75,3% од анализираните општини) бележат целосно отсуство на застапеност (0,00%).

5. Споредбена анализа на водечките државни органи (2016 наспроти 2025)

Споредбените податоци за 2016, 2020 и 2025 година покажуваат дека застапеноста на Ромите во различните видови институции е нерамномерна, нестабилна и концентрирана во ограничен број институционални категории. ***Највисока застапеност во сите анализирани години е забележана во Владата и јавните претпријатија. Сепак, во Владата уделот на Ромите континуирано се намалува, од 8,99% во 2016 година на 3,76% во 2025 година. Во јавните претпријатија застапеноста се зголемила до 4,43% во 2020 година, но потоа се намалила на 3,47%.***

Позитивен и континуиран тренд е забележан кај општините, органите во состав на министерствата и правните лица со јавни овластувања. Застапеноста во општините се зголемила од 0,56% на 1,19%, додека кај правните лица со јавни овластувања пораснала од 0,25% на 0,83%. Иако овие промени претставуваат напредок, процентите и понатаму остануваат ниски.

Најзагрижувачка е состојбата во правосудните и независните институции. Застапеноста во јавните обвинителства и судовите е значително пониска во

2025 година отколку во 2020 година, додека во Уставниот суд, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители Ромите воопшто не се застапени во ниту една од анализираните години. Ова укажува дека Ромите немаат соодветен пристап до институциите што имаат клучна улога во спроведувањето на правото, заштитата на правата и донесувањето одлуки.

Генерално, податоците не покажуваат систематски и одржлив напредок. Подобрувањето постигнато до 2020 година во повеќе институционални категории било делумно или целосно изгубено до 2025 година.

Застапеност на Ромите во јавни институции во 2016, 2020 и 2025

Вид на институција	2016	2020	2025
Влада на РСМ	8,99%	6,56%	3,76%
Јавни претпријатија	3,08%	4,43%	3,47%
Народен правобранител	3,03%	2,60%	2,38%
Претседател на РСМ	1,79%	1,75%	1,82%
Секретаријати во Владата	2,84%	0,91%	1,67%
Самостојни органи на државната управа	1,39%	1,36%	1,36%
Министерства	0,95%	1,88%	1,29%
Општини	0,56%	0,96%	1,19%
Собрание на РСМ	1,42%	1,56%	0,96%
Самостојни државни органи	1,35%	1,03%	0,88%
Правни лица со јавни овластувања	0,25%	0,34%	0,83%
Органи во состав на министерствата	0,46%	0,65%	0,69%
Јавни установи	0,58%	0,69%	0,64%
Служба во Владата	1,31%	1,01%	0,55%
Судови	0,96%	1,16%	0,50%
Јавно обвинителство	0,88%	1,46%	0,37%
Народна банка	0,23%	0,23%	0,21%
Регулаторни тела	0,00%	0,00%	0,21%
Совет на јавни обвинители	0,00%	0,00%	0,00%

Уставен суд	0,00%	0,00%	0,00%
Судски совет	0,00%	0,00%	0,00%
Самостојни стручни органи	—	—	0,00%
Правни лица со јавни овластувања на регионално ниво	0,00%	—	—

ТОП 10 јавни институции и општини со најголема застапеност на Роми во 2025 година

Ранг	Институција / Општина	Тип на институција	Процент на Роми (%)
1	Општина Шуто Оризари	Локална самоуправа	43,75%
2	Дирекција за заштита и спасување	Самостоен орган на државна управа	7,69%
3	Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации	Самостоен државен орган	6,25%
4	Агенција за остварување на правата на заедниците	Самостоен орган на државна управа	5,26%
5	Општина Дебар	Локална самоуправа	4,82%
6	Државна комисија за жалби по јавни набавки	Самостоен државен орган	4,35%
7	Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје	Самостоен државен орган	4,00%
7	Министерство за локална самоуправа - Биро за регионално развој	Орган во состав	4,00%
9	Влада на РСМ (Генерално ниво)	Владин орган (посебен тип)	3,76%
10	Министерство за односи меѓу заедниците	Министерство	3,70%

6. Суштински препораки и предлози кон новиот Предлог-закон за правична и соодветна застапеност

Спречување на злоупотребите на етничката припадност

Постојниот предлог-закон во Член 6 предвидува проверка на етничката припадност на кандидатите преку „личното име и презиме запишано во личната карта или друга јавна исправа“. Ромалитико силно се спротивставува на оваа формулација бидејќи личното име не претставува сигурен ниту научно заснован индикатор за етничка припадност. Досегашната пракса покажа дека припадноста на ромската заедница често била злоупотребувана од кандидати од поголемите заедници за брзо вработување во администрацијата.

- **=Задолжителна нотарска изјава:** Секој кандидат мора да приложи писмена изјава заверена кај нотар под материјална и кривична одговорност (согласно Член 387 од Кривичниот законик за давање лажен исказ).
- **Постапка за оспорување:** Воспоставување на посебна процедура поврзана со фазите на селекција, каде што може да се оспори сомнително изјаснување врз основа на цврсти сомнежи, а не само врз основа на личното име.
- **Двостепен процес со суспензивно дејство:** При основано сомнение, надлежното тело спроведува постапка во која кандидатот се изјаснува и нуди докази. Доколку се утврди злоупотреба, пријавата се одбива, а кандидатот има право на жалба со одложно дејство до правосилноста на одлуката.

Таргетирани мерки за заедниците во подзастапеност

За да се реши проблемот со деценијата нулта застапеност (0,00%) кај повеќе од половина централни органи (51,1%) и три четвртини од општините (75,3%), се предлага дополнување на Член 8 со нов став. Овој став ги овластува институциите да спроведуваат афирмативни акции во согласност со начелото на пропорционалност. Овие мерки би вклучувале:

- Информативни и сензибилизирачки кампањи наменети за ромската заедница
- Наменски бесплатни подготвителни програми за полагање на административните испити со цел зголемување на конкурентноста на ромските кандидати.
- Програми за менторство во текот на првите две години од кариерата на младите вработени Роми со цел нивно успешно задржување и напредок.

Зголемување на улогата на граѓанскиот сектор

Сегашниот текст на нацрт-законот предвидува вклучување на само еден претставник од граѓанскиот сектор во државното Координативно тело, без утврдени критериуми за неговиот квалитет и искуство. Ромалитико смета дека за ефикасна демократска контрола е потребно да се зголеми бројот на најмалку три претставници избрани преку јавен повик, со прецизни профили:

- Еден претставник од релевантна граѓанска организација која директно се занимава со правата и застапеноста на ромската заедница во државата.
- Еден претставник од организација со фокус на правата на помалубројните етнички заедници (кои најчесто се соочуваат со маргинализација).
- Еден претставник од граѓанска организација со експертиза во областа на човековите права, антидискриминацијата и еднаквоста.

Дополнително, се бара Методологијата за планирање на вработувањата (Член 11) да биде изработена во широка консултативна рамка со вклучување на академската заедница и стручните истражувачки граѓански организации.

Собраниска контрола

Со цел подигнување на нивото на институционална отчетност, се предлага Годишниот извештај за соодветна и правична застапеност задолжително да се разгледува и во Собранието на РСМ, а не само да се поднесува до Владата. Пратеничките дебати ќе овозможат вистински јавен увид во проблемот на нултата застапеност и ќе овозможат координиран политички притисок врз институциите кои потфрлаат.

Како дополнителна афирмативна мерка за транспарентност, се предлага Координативното тело во својот извештај официјално и јавно да ги објави институции кои во законски предвидениот рок одбиле или пропуштиле да ги достават потребните статистички податоци за етничката структура на своите вработени.

Скратување на рокот за евалуација на законот на секои две години

Постојниот Член 14 од Нацрт-законот предвидува евалуација на ефектите од законот на секои пет години. Во услови на брзи демографски движења, динамичен пазар на труд, масовни миграции и реорганизација на јавниот сектор, период од пет години е премногу долг. Системските аномалии или недоречености во примената на законот може да нанесат огромна штета пред да бидат забележани и коригирани.

Затоа, Ромалитико предлага кратење на рокот за евалуација на секои две години. Оваа редовна двогодишна евалуација на имплементацијата на законот треба да биде изведена како заеднички процес на државните институции, граѓанскиот сектор (вклучително и Ромалитико) и релевантните независни научни и истражувачки институти во државата.

Овој Извештај за соодветна и правична застапеност во јавниот сектор (2016–2025) е подготвен во рамките на регионалниот проект финансиран од Европската Унија „Надминување на бариерите: Резилиентност на Ромите во Западен Балкан“.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ и не ги одразува нужно ставовите на Европската Унија.

Скопје, август 2026

Извори:
Регистар на вработени во јавниот сектор – Министерство за јавна администрација на РСМ (2016–2025).
Институт за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ Скопје – дата база